АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

**Јуни 2026** **Бр.6**

## Одржан вториот јавен состанок на АВМУ за 2026 година



Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 24 јуни го одржа вториот јавен состанок за 2026 година, на кој директорот д-р Зоран Трајчевски ги презентираше активностите реализирани согласно Годишната програма за работа, во текот на вториот квартал од годината. Во рамки на состанокот, присутните беа информирани за спроведените програмски и административни надзори врз радиодифузерите, операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, давателите на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по барање, издавачите на печатени медиуми и на онлајн медиумите-интернет порталите.

Меѓу другото се говореше и за мерките јавна опомена изречени заради непочитување на ЗААВМУ и Законот за медиуми, информациите поврзани со дозволите за радио и телевизиско емитување, изготвените анализи и истражувања, како и активностите поврзани со меѓународната соработка. На крајот на состанокот беше отворена панел дискусија на која се дискутираше за различни прашања од медиумската област.

Презентацијата со прегледот на реализираните активности на АВМУ за периодот април – јуни 2026 година е достапна на следниот линк.

## СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изрази загриженост поради вулгарен, навредлив и понижувачки говор, како и непримерни гестови во подкастот „Тешки муабети“ со Мечка и Мичо, објавен на YouTube.

Агенцијата посочи дека слободата на изразување и правото на критика се демократски вредности, но нагласуваат дека навредливата комуникација не придонесува за аргументирана јавна дебата. Воедно, ги повика креаторите на онлајн содржини да придонесуваат за развој на култура на дијалог, заемно почитување и одговорна комуникација.

## Изработен извештај за Сопственоста на медиумите во 2026 година

Со цел да ја зголеми транспарентноста на медиумската сопственост, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги изработи Извештај за сопственоста на медиумите во 2026 година. Извештајот содржи податоци за сопственичката структура на радиодифузерите, печатените медиуми и евидентираните онлајн медиуми.

Извештајот е објавен на веб страницата на Агенцијата и е достапен на следниот линк.

## Надзори врз радиодифузери, ОЈЕКМ, Печатени медиуми и Онлајн медиуми-интернет портали

### Радиодифузери

Агенцијата спроведе редовен програмски и административен надзор врз телевизиските програмски сервиси на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРТ 1, МРТ 2, МРТ 3, МРТ 4 и МРТ 5 за исполнување на законските обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Законот за медиуми. При административниот надзор беше утврдено дека МРТ 3 на 3 јуни 2026 година, во дел од програмата, не ги објави задолжителните податоци што треба да бидат достапни за секоја програмска содржина.

За обврските за употреба на јазикот во програмите, дневно емитување најмалку 18 часа програма на телевизија и дневно емитување најмалку 50% изворно создадена програма како македонски аудио или аудиовизуелни дела, обврските поврзани со правилата за емитување аудио комерцијални комуникации, обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување, користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање и емитување игри на среќа, објава на импресум, информации коишто треба да се направат достапни до корисниците и обврската за објава на идентификација на радиодифузерот, редовен програмски и административен надзор е извршен врз радио програмските сервиси на Јавното радиодифузно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА – МРА 1, МРА 2 и МРА 3. При надзорот не се констатирани прекршувања на Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ



# NEWSLETTER

Агенцијата спроведе редовен административен и програмски надзор врз пет национални телевизии ТВ Алфа, ТВ Алсат-М, ТВ Канал 5, ТВ Сител и ТВ Телма, за обврските за повеќе законски обврски од Законот за медиуми и Законот за аудио и аудиовизуерлни медиумски услуги. Со надзорот е констатирано дека ТВ Алсат – М на својот програмски сервсис емитуван на 4 мај 2026 година, во спонзорираната забавно-документарната емисија „1001 оброк“, преку посебно промотивно препорачување поттикнуваше купување на два производа на еден од спонзорите на емисијата. ТВ Телма на програмскиот сервис емитуван на 4 мај 2026 година, во забавно-документарната емисија „Авантурите на Марк“ и во забавната говорна шоу програма „Мојот пат до успехот“, емитуваше поп-ап/реклами на поделен екран меѓу кои не минува пропишаниот период од најмалку 15 минути.

За обврските на радиодифузерите од буџетот наменет за програми да издвојат најмалку 10% за европски аудиовизуелни дела од независни продуценти, при што најмалку половина од истите треба да бидат произведени во последните пет години и обврската радиодифузерите да обезбедат најмалку 51% а јавниот радиодифузен сервис 60% од вкупно емитуваните програми во текот на годината да бидат европски аудиовизуелни дела, при што не се смета времето одредено за вести, спортски настани, игри, рекламирање, телетекст и телешопинг услуги редовни програмски надзори се извршени врз телевизиите МРТ1, Наша ТВ, ТВ Компани 21 – М, ТВ 24 Вести, ТВ Алфа, ТВ Алсат – М, ТВ Канал 5, ТВ Шења, ТВ Сител и ТВ Телма. При надзорите не се констатирани прекршувања од ЗААВМУ.

Контролни програмски надзори се извршени врз телевизиските програмски сервиси МРТ1, МРТ5 и ТВ 21-М, со цел утврдување на постапувањето по претходно изречените мерки – јавни опомени упатени поради непочитување на обврската за пласирање производи и заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој. Со контролните надзори е констатирано дека сите радиодифузери во целост постапиле по решенијата за изрекување мерка – јавна опомена и ги отстраниле констатираните повреди на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Оператори на јавни електронски комуникациски мрежи

Агенцијата изврши редовни програмски надзори врз операторите Фивенет и Спајдер за обврската во програмскиот пакет којшто го реемитуваат задолжително и бесплатно да ги обезбедат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис, како и за обврските за регистрација на програмски сервиси во Агенцијата и титлување на програмите коишто се реемитуваат. При надзорите е констатирано дека операторот Фивенет за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Al Jazeera“, кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Печатени медиуми

Врз издавачите на печатени медиуми РЕПРО ПРИНТ издавач на „Нова Македонија“, СЛОБОДЕН ПЕЧАТ издавач на „Слободен печат“, ВЕЧЕР ПРЕС издавач на „Вечер“, КОХА ПРОДУЦТИОН издавач на „Коха“, МЕДИА ПЛУС ФОКУС издавач на „Фокус“, АТВ МЕДИА КОМПАНИ издавач на „Лајм“, ЕУРО-МАК КОМПАНИ издавач на „Економија и бизнис“, КОЛОР МЕДИА ПЛУС издавач на „Убавина и здравје“, БИРО ПРЕС издавач на „Порта 3“; ЗЕНИТ ПРЕС ПЛУС издавач на „Зенит“, КЛИКЕР МАРКЕТИНГ издавач на „InStore“ и НАРОДЕН ЛЕКАР издавач на „Народен лекар“, Агенцијата спроведе редовен административен надзор за обврските за објава на импресум, податоци за седиште, печатница, датум на печатење или препечатување и број на печатени примероци. Надзорот покажа дека печатените медиуми во целост ја исполниле законската обврска.

## Онлајн медиуми-интернет портали

Врз Друштвото за медиуми, трговија и услуги H&M МЕДИА ГРУПА, издавач на онлајн медиумот-интернет порталот „Национал“, извршен е контролен административен надзор за да се утврди дали е постапено по изречената мерка јавна опомена, изречена заради неисполнување на обврската за објавување импресум. Надзорот покажа дека онлајн медиумот-интернет порталот постапи по решението за преземање мерка и ја исполни во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

## Изречени мерки јавна опомена

Врз основа на констатации од извршен редовен програмски и административен надзор, Советот на Агенцијата на 23-та седница одржана на 19 јуни донесе Решенија за изрекување мерки јавна опомена за Телевизија Плус и за кабелскиот оператор Фивенет. На Телевизија Плус и е изречена мерка јавна опомена заради тоа што радиодифузерот до Агенцијата во законски предвидениот рок до 31 март, не достави писмен извештај за спроведувањето на обврските утврдени во дозволата за телевизиско емитување, додека на кабелскиот оператор Фивенет, мерка јавна опомена му е изречена поради реемитување програмски сервис кој што не е регистриран во Агенцијата.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ул. Македонија бр. 38, 1000 Скопје
тел. (02) 3103400 факс: (02) 3103401
е-пошта: contact@avmu.mk веб страница: www.avmu.mk

INTERCERT system certification
ISO 9001:2015 CERTIFIED
Q-028/2018